# Број 5
# 30.04.2026 година

# Службен гласник на општина Делчево

Уредува

Одделение за правни и општи работи

Април, 2026

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002, 84/20, 202/24) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 30 .04.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од 9. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите донесени на **9.** седница одржана на **29.04.2026** година:

1. **Решение** за именување на членови на Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево;

2.**Одлука** за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово;

3.**Решение** за именување на членови на заедничка комисија за подготовка на предлог на акт за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово;

4. **Одлука** за прифаќање на донација на спортски справи;

5. **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка на ЈЛБ „Илинден“ за 2025 година;

6. **Одлука** за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2026 година ;

7. **Заклучок** за усвојување на Извештај за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2025 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

8. **Заклучок** за усвојување на Годишна сметка сметка на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2025;

9. **Одлука** за проширување на средства на буџетот на Општина Делчево за 2026 година;

10. **Одлука** за спонзорство по барање бр.21-1171/1 од 01.04.2026;

**11.Програма** за измена на Програмата за образование за 2026 година;

12. **Програма** за ревитализација по елиминирањето на кризата за општина Делчево за 2026 година;

13. **Програма** за управување со отпад за 2026 година;

14. **Одлука** за финансиска поддршка на Фудбалски клуб Брегалница 1926

Делчево;
15. **Одлука** за финансиска поддршка на Меѓуопштинско здружение на цивилните инвалиди од војната Штип;
16. **Одлука** за одобрување на финансиска поддршка на Павле Богдановски;
17. **Одлука** за одобрување на финансиска поддршка на Боксерски клуб Тигар МБМ Делчево;
18. **Одлука** за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица;
19. **Одлука** за збратимување помеѓу Општина Делчево, Република Северна Македонија и општините Новело, Монфорте д' Алба и *Родино*, Република Италија;
20. **Одлука** за збратимување помеѓу Општина Делчево, Република Северна Македонија и Општина Рача, Република Србија;
21. **Годишна** програма за работа на ТППЕ Делчево за 2026 година;
22. **Заклучок** за усвојување на Оперативен план за делување на ТППЕ Делчево во периодот од 01.01.2026 до 31.12.2026 година;
23. **Одлука** за парична помош на Ванчо Георгиевски;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08- 1479 /1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30. 04.2026** **Градоначалник,**
**Делчево** **Иван Гоцевски,с.р.**

1. Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 22 од Статутот на Општина Делчево од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021) и член 9 став 2 од Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.4/2026), Советот на Општина Делчево на својата 9.седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За именување на членови на Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево

**I.** За членови на Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево се именуваат:

1. **Николчо Стојменовски**- Претседател (преставник од Советот на Општина Делчево);
2. **Бобан Никовски**- член (преставник од Советот на Општина Делчево);
3. **Сашко Ивановски**– член (преставник од редот на истакнати научни, просветни, културни и спортски работници);
4. **Марина Синадиновски** – член (преставник од редот на истакнати научни, просветни, културни и спортски работници);
5. **Виолета Гиздовска** –член (преставник од редот на истакнати научни, просветни, културни и спортски работници);
6. **Македонска Поповска**– член (преставник од вработените во Општина Делчево);
7. **Наташа Димитровска** –член (преставник од вработените во Општина Делчево).

II. Мандатот на членовите на Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево трае 4 (четири) години.

III. Надлежностите на Комисијата се уредени во Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр. 4/2026).

**IV.** Решението влегува во сила осум дена од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево„.

Бр. 09 – 1447/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
29.04.2026 година Претседател,
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

2. Врз основа на член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ'' бр.79/09 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.241/24) и член 22 став 1 точка 46 од Статутот на Општината Делчево(„Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/21), Советот на Општина Делчево на својата 9. седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово

### Член 1

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу помеѓу Општина Делчево и Општина Берово за вршење на работите во областа на инспекцискиот надзор, Одделение за инспекциски надзор-инспекторат, Овластен инспектор за туристичка и угостителска дејност за потребите на Општина Делчево.

### Член 2

Меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку обликот на меѓуопштинска соработка утврден во член 9 став 2 од Законот за меѓуопштинска соработка, односно со склучување на Договор за вршење на определени работи од страна на Општина Берово за потребите на Општина Делчево.

Договорот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово ќе се склучи согласно одредбите од член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка.

### Член 3

Финансиските импликации кои ќе произлезат од реализирањето на меѓуопштинската соработка ќе се утврдат во Договорот за вршење на работите, а ќе се обезбедат од Општина Делчево.

### Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

| | |
|---|---|
| Бр. 09-1448/1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО |
| 29.04.2026 година | Претседател |
| Делчево | Николчо Стојменовски,с.р. |

**3.** Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ'' бр.79/09 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.241/24), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 22 став 1 точка 45 од Статутот на Општината Делчево („Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013 и 2/2019), Советот на Општина Делчево на својата 9. седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за именување на членови на заедничка комисија за подготовка на предлог на акт за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово,

Член 1

За членови на заедничката комисија за подготовка на предлог на акт за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово, од Општина Делчево се именуваат лицата:

- Ивана Ивановска и
- Сузана Петровска.

Член 2

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

| | |
|---|---|
| Бр. 09-1449/1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО |
| 29 .04.2026 година | Претседател |
| Делчево | Николчо Стојменовски,с.р. |

**4.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен Весник на Република Македонија" Бр. 61/2004, 96/2004, 22/2007, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, и 209/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21,173/2022, 170/2024 и 37/2025), Советот на Општина Делчево на својата 9. седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

О Д Л У К А

**за прифаќање на донација на спортски справи**

Член 1

Со оваа одлука, Општина Делчево ја прифаќа донацијата дадена во добра и услуги од давателот на донацијата Здружение ФУДБАЛСКИ КЛУБ БРЕГАЛНИЦА 1926 – Делчево.

Член 2

Донацијата која се дава на Општина Делчево се состои во 4 (четири) мултифункционални спортски справи (за вежбање грб, гради, стомачни и нозе).

Член 3

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Делчево, како примател на донацијата и давателот на донацијата.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09- 1450/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04.2026 година** **Претседател**
**Делчево** **Николчо Стојменовски, с.р.**

**5.** Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.весник на РМ“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 9. редовна седница, одржана на ден 29 .04.2026 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Завршната сметка на ЈЛБ “Илинден“-Делчево за 2025 година**

1.Се усвојува Завршната сметка на ЈЛБ „Илинден“ -Делчево за 2025 година и тоа:
- сметка за наменска дотација-903
- сметката за сопствени приходи 787

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09- 1451/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04.2026 година** **Претседател**
**Делчево** **Николчо Стојменовски , с.р.**

**6.** Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20-а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на својата 9. редовна седница, одржана на ден 29.04. 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за согласност на Измената на Годишниот план за вработување**
**за 2026 година на ЈЛБ „Илинден“-Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување за 2026 година на ЈЛБ „Илинден“-Делчево бр.08-24/1 од 21.07.2025 и 08.04.2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1452 /1
29.04. 2026 година
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски,с.р.

**7.**Врз основа на член 36 став 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“бр.15/2013, 2/2019 и 1/21), Советот на Општина Делчево на својата 9.редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната сметка**
**На ЈКП „Брегалница“ – Делчево за 2025 година**

1.Се усвојува Годишната сметка на ЈКП „Брегалница“ –Делчево за 2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1453 /1
29.04.2026 год.
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Николчо Стојменовски,с.р.

**8.** Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02 и Сл.Весник на РСМ бр. 84/20, 202/24) и член 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/202, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 35/2019, 275/2019, 89/2022, 274/2022), Советот на Општина Делчево, на својата . редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево**
**за 2025 година**

1.Се усвојува Извештај за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2025 година, усвоен од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево со Одлука број 0202-255/2 од 18.03.2026 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09- 1454/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04.2026 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Николчо Стојменовски** ,с.р.

9. Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), а во врска со Законот за буџетите („Сл.весник на РМ“ бр.64/2005, 04/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180 /2011, 171/2012, 192/15, 167/16 и „Сл.весник на РСМ“ 151/21/272/24, 03/25 и 258/25), Советот на Општина Делчево , на својата 9.седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

## ОДЛУКА
## За проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2026

Член 1

Со оваа Одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2026 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка<br>Се зголемуваат приходите на<br>следните потставки: | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| 741114 Пренесен вишок на приходи од претходни години | 0 | 19.837 | 0 | 0 |
| 741114 Пренесен вишок на приходи од претходни години | 0 | **4.087.496**<br>914.773 | 0 | 0 |
| 741114 Пренесен вишок на приходи од претходни години | 0 | **4.087.496**<br>2.998.620 | 0 | 0 |
| 741114 Пренесен вишок на приходи од претходни години | 0 | **4.087.496**<br>154.266 | 0<br>0 | 0<br>0 |
| | **0** | **4.087.496** | **0** | **0** |

и се распоредуваат на следните расходни поставки

| К10 БИБЛИОТЕКАРСТВО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 420130 Патување во земјата-сместување | **0** | **3.000** | **0** | **0** |
| 421110 Ел.енергија | 0 | 7.837 | 0 | 0 |
| 423110 Канцелариски материјали | 0 | 9.000 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420120 Патување во земјата-патни расходи | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 421120 Водовод и канализација | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 423990 Други материјали | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 426310 Семинари и конференции | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 426410 Објавување на огласи | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 426990 Други оперативни расходи | 0 | 47.773 | 0 | 0 |
| 464910 Плаќање по судски решенија | 0 | 150.000 | 0 | 0 |
| 464940 Трансфери при пензионирање | 0 | 230.000 | 0 | 0 |
| 464990 Други трансфери | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 480190 Купување на друга опрема | 0 | 17.000 | 0 | 0 |
| **N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421110 Електрична енергија | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 421240 Течни горива | 0 | 500.000 | 0 | 0 |
| 423110 Канцелариски материјали | 0 | 150.000 | 0 | 0 |
| 425310 Правни услуги | 0 | 50.000 | 0 | 0 |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 0 | 800.000 | 0 | 0 |
| 426210 Расходи за репрезентација | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 426310 Семинари и конференции | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 426410 Објавување на огласи | 0 | 148.620 | 0 | 0 |
| 480160 Купување на опрема за греење и климатизац. | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 480190 Купување на друга опрема | 0 | 650.000 | 0 | 0 |
| 483110 Купување на канц.мебел | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 425970 Консултанстски услуги | 0 | 80.000 | 0 | 0 |
| 426990 Други оперативни расходи | 0 | 74.266 | 0 | 0 |
| | 0 | **4.087.496** | 0 | 0 |

**Број 09-1455/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04.2026 год.** — **Претседател,**
**Делчево** — **Николчо Стојменовски,с.р.**

10. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање бр.21-1171/1 од 01.04.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 9. седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за спонзорство по барање бр.21-1171/1 од 01.04.2026**

Член 1

Се одобрува спонзорство во износ од **43.000 денари** на Ловно друштво „**Хантер Про 2020**" Делчево.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за обезбедување на главната награда за Традиционалната

ловечка вечер, пушка ловен полуавтомат.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Делчево на име Ловно друштво **„Хантер Про 2020“** Делчево, на жиро-сметка 2000 0291 5514 151.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09- 1456 /1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

29.04. 2026 година — Претседател,

Делчево — Николчо Стојменовски ,с.р.

11. Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02 и„Сл. весник на РСМ“бр.84/20 и 202/24), член 15, став 1 точка 8 и член 22 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), и член Советот на Општина Делчево на 9.Седница, одржана на 29.04.2026 година ја донесе следната

**Програма**

**за измена на Програмата за образование за 2026 година**

**Член 1**

Во поглавје III. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА, на страна 9 наместо да стои „ Друга стимулативна мерка е на 15 најдобри матуранти ќе им биде доделен ваучер од по 20.000 денари што Општина Делчево ги издвојува годишно во Буџетот за 2026 година во износ 300.000 денари“

треба да стои:

„ **Друга стимулативна мерка е на 10-те најдобри матуранти ќе им биде доделена парична награда и тоа износ од 30.000 денари за првенецот на генертацијата, а за останатите 9(девет)ученици парична награда во износ од по 20.000 денари, за која мерка Општина Делчево ќе издвои од Буџетот за 2026 година во износ 210.000 денари**“.

**Член 2**

Во поглавје IV.АКТИВНОСТИ, 2. Поддршка на талентирани ученици и ученички: точка а) наместо да стои „Награди за првенци/ки на генерацијата; Овие награди се доделуваат врз основа на оваа Програма, на начин што Општина Делчево поднесува писмено барање во текот на месецот април од тековната година до СОУ и во месецот мај од тековната година до ООУ за доставување податоци за првенец на генерацијата во училиштата. Постапката, училиштата ја спроведуваат врз основа на интерен правилник, а информацијата ја доставуваат до Општина Делчево најдоцна до 15 мај тековната година за СОУ и до 10 јуни тековната година за општинските основни училишта. Врз основа на добиените податоци од училиштата, градоначалникот на Општина Делчево донесува решение за доделуваа три награди за првенец на генерацијата во трите образовни институции. Наградата ќе се исплаќаат еднократно во висина од по 20.000,оо денари за првенците на генерацијата од двете основни училишта и 30.000,ооденари за првенецот на генерацијата од СОУ за учебната

2025/2026 година“.

треба да стои:

а) **Награди за првенци/ки на генерацијата во основните училишта; Овие награди се доделуваат врз основа на оваа Програма, на начин што Општина Делчево поднесува писмено барање во текот на месецот мај од тековната година до ООУ за доставување податоци за првенец на генерацијата во училиштата. Постапката, училиштата ја спроведуваат врз основа на интерен правилник, а информацијата општинските основни училишта ја доставуваат до Општина Делчево најдоцна до 10 јуни тековната година. Врз основа на добиените податоци од училиштата, градоначалникот на Општина Делчево донесува решение за доделување награди за првенец на генерацијата во основните училишта. Наградата ќе се исплаќа еднократно во висина од по 20.000,оо денари за учебната 2025/2026 година.**

Во поглавје IV.АКТИВНОСТИ 2. Поддршка на талентирани ученици и ученички: точка **д)** наместо да стои „По претходно спроведена постапка, критериуми, утврдени во Правилникот за истакнување, пофалување и наградување ученици/чки од страна на Комисијата формирана за таа цел во СОУ „М.М.Брицо“, се избираат 15 најдобри матуранти кои од Општина Делчево добиваат ваучер од 20.000 денари по нивни избор. За оваа намена за што во Буџетот за 2026 година на Општината се планирани 300.000 ден.“.

треба да стои:

**„Постапката за доделување на паричната наградата за 10-те најдобри матуранти се спроведува согласно Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево (Службен гласник на Општина Делчево бр.4/26), врз основа на распишан јавен конкурс објавен од страна на градиначалникот на Општината, а по претходен предлог и критериуми утврдени од Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Делчево.“.**

Член 3

Во поглавје V. Табеларен приказ на активностите и индикатори
- во точка 3 графа 1 наместо „првенци на генерацијата“ ќе стои „ **првенци на генерацијата во основните училишта**“ и во графа „износот 70.000 денари“ се заменува со „ **40.000 денари**“.
- во точка 6 наместо „15“ се заменува со „**10**“ и во графа 5 износот „300.000 денари“ се заменува со „**210.000 денари**“.

Член 4

Во поглавје VIII. Финансиски извори и ресурси за спроведување на Програмата за 2025/2026 година, во точка 5 графа 1 се наместо „Ваучер од по 20.000 денари за 15 најдобри матуранти“
треба да стои „**Парична награда за 10 најдобри матуранти**“ и во графа 2 износот „300.000“ денари се заменува со износ „**210.000 денари**“.

Во точка 14 графа 2 износот„ 8.422.200 ден.“ се заменува со износот „**8.332.200** “ден.

Член 5

Програмата за измена на Програмата за образование за 2026 година на Општина Делчево влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 – 1457/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
29.04.2026 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**12.** Врз основа на член 22 точка 10 и 11 одЗаконот за локална самоуправа (*Службен весникна РМ бр.5/02) член 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), член 4, член 21 и 22 од Законот за пожарникарство („Службен весник н аРепубликаМакедонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) и член 9 одЗаконот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) Советот на општина Делчево на 9. седница одржана на ден 29.04.2026 година ја донесе следната

Програма
За ревитализација по елиминирањето на кризата
за општина Делчево за 2026 година

1.ОПШТ ДЕЛ

Општина Делчево се наоѓа на крајниот исток од РСМ. Градот го дели река Брегалница на два дела. На запад се наоѓа планината Голак, а на исток граничи со Р.Бугарија, како и со општините М. Каменица, Виница, Пехчево и Берово. Просечната надморска височина на градското подрачје е 460 метри со карактеристичен ридско-планински рељеф и Пијанечката котлина. Климата е умерно-континентална.

Хидрофрафијата на општина Делчево е препознатлива по река Брагалница и нејзините притоки: Габровска река, Звегорска река; Даштица, Граштица, Желевица, Очипалска река и Туришница, како и повеќе реонски ендеци и мали водотеци.

Флората и фауната во Општината варираат во зависност од надморската височина и атмосферските услови. Има разноврсност во животинскиот и растителниот свет.

Најзастапени диви животни се зајакот, дивата свиња, срната, еленот, лисицата, волкот, рисот и други.

Растителниот свет се карактеризира со дабова, букова и борова шума, а помалку застапени се елата, багремот, јасиката и нискостеблести, жбунести растенија.

Главни производствени гранки се текстилството, земјоделието, овоштарството и сточарството.

Низ Општината поминува магистралниот пат А3, кој води до Р.Бугарија преку граничниот премин ,,Делчево,,.

Во минатото Општина Делчево ја имаат зафатено повеќе елементарни непогоди и кризни состојби од кои најчести биле поплавите, град со силен ветар, ниски температури, бројни шумски пожари и пожари на отворено и епидемии. Сите овие појави во даден временски

период значително влијаееле и влијаат на севкупниот живот и здравје, како на населението, така и на останатиот животински и растителен свет.
Од тие причини, а согласно законската регулатива на национално ниво, се јави потребата од донесување на акт(Програма), со кој ќе се регулираат и прецизираат мерките и активностите кои ќе ги превземе Општина Делчево за ревитализирање на состојбата по елиминирање на евентуалната кризна состојба на подрачјето.

## 2.МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

За санирање и ревителизација на последиците настанати од кризна состојба и нормализација на севкупниот живот на населението, општина Делчево ќе ги превземе сите со Закон пропишани мерки и активности во кои ќе бидат вклучени сите субјекти кои егзистираат на нашето подрачје.
За таа цел се обезбедува непрестана комуникација и координација помеѓу институциите и останатите правни и физички лица, а со цел согледување на последиците од кризата и нивно санирање.
Согласно Програмата се изготвуваат Оперативни планови во зависност од видот на кризната состојба која го зафатила подрачјето и се наведуваат мерките и активностите кои ќе бидат превземени:
-Активирање на ТППЕ Делчево, Просторните сили при општина Делчево, трговски друштва, претпријатија(ЈКП,,Брегалница,,) за расчистувње и рехабилитација на магистралните и локални патишта во општината,
-Расчистување на евентуални рушевини на згради, куќи и други објекти и во зависност од околностите нивно ревитализирање,
-Вршење на првична дезинфекција и дератизација за спречувње на појава на заразни и други заболувања на населението и животните,
-Ревитализирање на објектите на институциите со цел нивно повторно нормално фунционирање,
-Санација на штетите и ревитализација на клучните производствени капацитети во корист на граѓаните(пекари, млекари, месари,маркети,болници, аптеки и сл.)
-Санирање и ревитализација на училиштата и детските градинки со цел воспоставување и нормализација на воспитно-образовниот процес,
-До процесот на целосна ревитализација на состојбите важно е ажурно и непречено да фунционираат јавните превозници(такси компании и друг превоз со исправни и безбедни возила).

## 3.ФИНАНСИСКА РАМКА

За спроведување на напредпредвидените мерки и активности за ревитализација на состобите по завршување на кризната состојба материјано-финансиски средства ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Делчево,посебни донаторски сметки, а доколку ситуацијата го изискува тоа, ќе биде побарана помош од државните институции, како и евентуална меѓународна донација.

### РАСПОРЕД НА ФИНАНСКИТЕ СРЕДСТВА:

А) Противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување

| | ПРИХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Буџет на општина Делчево | 300.000,оо денари |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Сопствени приходи од давање на услуги | 10.000,оо денари |
| 3 | Приходи од други извори,донации ,проекти | 100.000,оо денари |
| 4 | ВКУПНО 1-3 | 410.000,оо денари |

Б) Противпожарна заштита ,доброволна противпожарн аорганизација и спроведување на друга обука и мерка за заштита и спасување на населението и материјалните добра за побезбедна општина

| | РАСХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Организирање и спроведување обука на просторните штабови и единици | 20.000,ооденари |
| 2 | Доброволна противпожарна организација- | 10.000,ооденари |
| 3 | Општински противпожарен сојуз-организирање на квиз натпревари | 10.000,ооденари |
| 4 | Набавка на техничка и заштитна опрема | 20.000,ооденари |
| 5 | Изработка на програмски содржини од заштитата и спасувањето кои ќе се презентираат на класните часови во училиштата | 2.000,ооденари |
| 6 | Набавка на работни униформиза ДПД | 10.000,ооденари |
| 7 | За обука договорни услуги | 10.000,ооденари |
| 8<br>9 | Помошна изработка на куќен ред во случај на пожар и план за евакуација пластифициран А-4 формат за секоја куќа посебно | 5.000,ооденари |
| 10 | Проектни активности-школа за млади пожарникари во соработка со професионални центри | 10.000,ооденари |
| 11 | Активности на Комисијата за проценка на штети од елементарни и други несреќи | 10.000,ооденари |
| 12 | Надомест на материјални трошоци за правни и физички лица –учесници во акции за гасење на пожар и други видови на загрозувања и несреќи | 20.000,ооденари |
| 13 | Безбедносна проверка на населението за безбедносна проценка од пожар | 10.000,ооденари |
| 14 | Отворени трибини за заштита и спасување со граѓаните од населените места од подрачјето на општината | 5.000.оо денари |
| 15 | Тактичко-показни вежби и активности за превенција и справување со кризни состојби и појави | 400.000,оооденари |
| 16 | ВКУПНО 1-15 | 542.000,ооденари |
| | | |

## 6. Завршни одредби

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и Градоначалникот на општина

Делчево како и Соработникот за превенција заштита и спасување.

Свои мислења, препораки и забелешки во врска со ефикасното спроведување на Програмата активно даваат и РЦУК и ДЗС, а авоедно учествуваат во меѓусебната координација на сите напредспоменати субјекти...

Број 09-1458/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
29.04. 2026 Претседател,
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**13.** Врз основа на член 28 став 4 став 7 и став 8 од Законот за управување со отпад (,,Сл.весник на РМ,,бр. 216/21, ),а согласно член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.,весник на РМ бр.5/02) Советот на Општина Делчево, на својата 9.редовна седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

ПРОГРАМА
за управување со отпад за 2026 година
во Општина Делчево

1.Вовед

Согласно член 28, став 4, став 7 и став 8 од Законот за управување со отпад (“Службен весник на РМ“ бр.216/21, за спроведување на своите планови за управување со отпад, општините изготвуваат годишни програми. Законот пропишува дека овие програми треба да бидат во согласност со Планот за управување со отпадот, како и со Националната Програма за управување со отпадот која ги донесува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и Националната Стратегија за управување со отпадот што ја донесува Владата на Републиката.

Советот на Општина Делчево во 2019 година го има донесено четиригодишниот план за управување со отпад на Општина Делчево ( 2019-2023 ) и истиот истата година има добиено согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Програмата е изработена согласно барањата на Законот за управување со отпадот, во согласност со Стратегијата за управување со отпад (2008-2020), Националниот план за управување со отпад (2020-2030) и Планот за управување со отпад на Општина Делчево (2019-2023).

Стратегиска цел бр.1

Подобрување на управување со општинската депонија

Постојниот начин на депонирање на отпадот не ги задоволува елементарните стандарди за основно депонирање. Самата депонија исто така не ги задоволува основните стандарди за ваков вид на депонии. Поради тоа една од примарните акции за 2026година е создавање на основни услови за соодветно управување на депонијата, а тоа е преку регионален пристап во управувањето со отпад. Општината е потребно да се вклучи и ги спроведува активностите согласно документот усвоен од МЖСПП за регионално управување со отпад за Источниот и Североисточниот регион.

Општина Делчево- дел од регионалниот систем за управување со отпадот

Регионалниот пристап во решавање на управувањето со отпадот, според НПУО е единствен начин за создавање на одржлив систем за управување со отпадот. Дефинираните приоритети на државно ниво од аспект на заштита на животната средина се решавање на управувањето со комуналниот цврст отпад и решавање на проблемот со нетретирање на отпадните комунални води. Како прв чекор за реализацијата на оваа стратешка цел беше изработката на физибилити студија за регионално управување со отпад за Источниот и Североисточниот плански регион.

Во согласност со Националниот план за управување со отпад и неговите зацртани цели, во текот на 2014 година еден многу значаен документ- Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион беше одобрен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање , а потоа во 2015 година истиот беше усвоен од страна на советите на сите општини во Источниот плански регион и Општина Свети Николе која што е приклучена кон овој регион за прашањата на регионално управување со отпад.

Според целите и насоките на Регионалниот план, во моментот се спроведуваат два многу значајни проекти, а уште неколку се планирани за натамошниот период. Сите овие проекти финансирани се од страна на Европската Унија, со грантови односно неповратни средства во висина од 85% од буџетите на проектите и 15% од буџетот на Републиката.

Во согласност со насоките од Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион, се спроведуваат два проекти:

1. Подготовка на техничка спецификација за набавка на опрема за собирање и транспортирање на отпад во Источниот и Североисточниот регион и
2. Подготовка на техничка и тендерска документација за затворање на несоодветни депонии и диви депонии во Источниот и Североисточниот регион.

Затворањето на депониите ќе се изведува во 2 фази:

Прва фаза: Расчистување на дивите депонии (вкупно 102 диви депонии во двата региони) и затворање на помалите општински депонии и депониите кои претставуваат висок ризик кон животната средина и

Парцијално затворање на останатите депонии, кои би останале оперативни и би ги прифаќале  и количините на отпад од општините чии што депонии би биле веднаш затворени.

Втора фаза: Комплетно затворање на постоечките депонии, откако ќе се отворат регионалните центри за управување со отпад.

Во врска со активноста за управување со  отпад општината ќе спроведе активност и за проширување на постоечката депонија со урбанизација со која ќе се зголеми капацитетот на депонијата „Острец“ за комунален отпад и градежен шут.

### Стратегиска цел бр.2

### Процена на видот и количеството отпад што се создава на територијата на Општина Делчево

Проценката на сегашната состојба опфаќа голем број видови отпад како комунален отпад, комерцијален отпад, индустриски неопасен отпад, инертен отпад (градежен шут), опасен отпад создаден од различни субјекти, како и одреден број специфични видови отпад

како: преносливи батерии, медицински отпад, земјоделски отпад, отпадни гуми, отпадни масла, отпадна електронска и електрична опрема. Сепак, подетално се анализирани состојбите со видовите отпад кои се во директна надлежност на локалната самоуправа: комунален, комерцијален, друг вид (како на пр. Индустриски) неопасен отпад и инертен отпад-градежен шут. Анализирано е создавањето на овие отпади како и сите операции кои се застапени во постапувањето со нив: собирање, транспортирање, третман, преработката, со акцент на рециклирањето како и компостирањето и отстранување со депонирање.

Стратегиска цел бр.3

Извори на финансирање на мерките и активностите (инструментите)

Финансирањето на различните мерки и активности (инструменти) предвидени со Програмата се реализира преку повеќе извори како:

1. Буџет на Општина Делчево ;
2. Буџет на РСМ
3. Меѓународни финансиски институции (Светска банка, и сл.);
4. НВО (Невладини организации),

1.Опис и отценка на постоечката состојба во управувањето со отпад во ЕЛС-Делчево

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Буџет | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1.Урбанизација на површината на депонија со што ќе се создад дополнителен простор за комунален отпад и дел за градежен отпад | 1.1.Урбанистички план со кој ќе се дефинира точно опфатот з депонијата за комунален отпад градежен шут | МЖСПП Општина Делчево ЈКП „Брегалниц | | МЖСПП Општина Делчево |
| 2.Евидентирање на типови и количини на отпад, кои се создаваат во Општината и нивн соодветно управување. | 2.1.Развивање на соодветна ба на податоци за генерираните количини и видови на отпад 2.2. Развивање на систем за separирање и собирање биоразградлив отпад | МЖСП Општина Делчево | | МЖСП Општина Делчево ЈПКД ,,Брегалниц |
| 3.Порамнување и компресиран на отпадот на депонија,,Острец,,и посипуван со слој од земја со цел да зголеми капацитетот и да спречи самозапалувањето, а потоа ќе се пристапи кон депонирање по ред | -Анализа на затекнатата ситуација -Проценка на финансиските средства потребни за реализација на активноста | Општина Делчево и ЈПКД ,,Брегалница,, | 200.000 | Со сопствени средства |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.Регионален пристап во управувањето со отпад<br><br>-Општина Делчево дел од регионалниот систем за управување со отпадот | -Учество во регионално решавање на управувањето со отпад<br><br>-Следење на насоките на дејствување во реализација на проектите се до затварање на оперативните депонии | ЈПКД,,Брегални ,<br>Општина Делчево МЖСПП | | Меѓународни финансиски институции МЖСПП |
| 5.Евидентирање на дивите депонии | 3.1. Теренска обиколка на целат територија на Општината<br>3.2. Проценка на капацитетите на сите диви депонии<br>-зелени појаси( засадување на дрвја и затревување) | Општина Делчево ЈПКД,,Брегални ,, | 100.000 | Општина Делчево ЈКП Брегалница донации |
| 6. Расчистување на дивите депонии и рехабилитација на истите | 4.1.Подготовка на План за затварање на дивите депонии и нивна ревитализација<br>4.2Чистење/затварање на диви депонии<br>4.3. Ревитализација на просторите, зафатени со диви депонии | Општина Делчево | | Општина Делчево ЈПКД,,Брегалница,<br><br>Програма на Влада за та за озеленување-прек проекти за зголемување на зелените површин и<br>Програма за животна средина |
| 6.Собирање на растителен отпа од дворните места во текот на месец октомври,ноември и декември | -Со предходна консултација и соработка со населението | ЈПКД,,Брегални ,, | 50. 000 | ЈПКД,,Брегалница, |
| 7.Собирање на габаритен отпад од домакинствата најмалку двапати во месецот | -По предходна консултација и известување на населението | ЈПКД,,Брегални ,, | 50.000 | ЈПКД,,Брегалница, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8.Собирање и селектирање на ПЕТ амбалажа и отпадот од хартија | -Поставување на садови за селекција (вендинг машина)<br>-Едукација на населението за бенефитите од селективниот пристап на управување со отпа<br>-Поставување на садови за селекција во руралните средин | ЈПКД,,Брегални ,,<br>Општина Делчево | | ЈПКД Брегалница<br>Општина Делчево<br>МЖСПП |
| 9.Бројно зголемување на локации за собирање отпад за стакло | -Јавна кампања<br>-Склучување на договор со лиценцирана фирма<br>-поставување на садови за стакло во угостителските објект | ЈПКД,,Брегални ,,<br>Општина Делчево | 20 000 | Општина Делчево<br>ЈПКД,,Брегалница,, |
| 10.Поставување на вендинг машини во маркетите и јавните површини | -Склучување на договор со фирма за донација на машина | Општина Делчево<br>ЈКП„Брегалница | 100 000 | Општина Делчево<br>НВО |

2.Зголемување на бројноста на садови за собирање на отпад на јавните површини

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Буџет | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1.Замена и поправка на садовите за собирање на отпад поставени на јавните површини и да се постават нови на местата на кои има потреба од истите и на трите парцели на градски гробишта | -Отстранување на старите садови;<br>-Поправка каде е е можно;<br>-Одредување на локации за поставување на нови | Општина Делчево и ЈПКД,,Брегалница,, | 50.000 | ЈПКД,,Брегалница,, |
| 2.Зголемување на бројот на контејнери во градските и селските подрачја | -Поставување на контејнери во с.Разловци, Град, Вирче<br>И Стамер. | Општина Делчево<br>ЈПКД Брегалница | 300.000.00 | Општина Делчево<br>ЈПКД Брегалница<br>донации |

3.Управување со опасен отпад

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Буџет | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1.Решавање на проблемот со управување со отпадни гуми | -Иницирање за интеграл решавање на проблемот | Општина Делчев | .................. | Општина Делчево<br>ЈПКД,,Брегалница,, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| масла | | | | |
| 2.Решавање на проблемот управување со отпад од животинско потекло | Одредување на локација за закопување на изумрени животни | Општина Делчев | .................. | Општина Делчево ЈПКД,,Брегалница,, |
| 3.Поставување на собир центар за селекција електронски и електрич отпад и отпад од батерии акумулатори | -Потпишување на догово со овластена фирма,<br>-Определување на локација за поставување на собирниот центар,<br>-Набавка на сетови за селекција на отпадот за училиштата, | Општина Делчев ЈКП Брегалница | / | / |

4.Едукација на населението

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Буџет | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1.Подигнување на јавната свест кај населението | -Информирање на јавноста<br>-Припрема на кампањата<br>-Спроведување на кампањата<br>-Амализа на остварените резултати<br>-Организирање на акции | Општина Делчев | 50.000 | Општина Делчево |

Број 09-1459/1
29.04.2024 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Делчево Претседател
Николчо Стојменовски,с.р.

**14.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање 09-1358/1 од 20.04.2026 година и и член 22-а од Законот за спортот („Сл. Весник на Р.М. бр. 29/2002………190/2016, Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 106/16 , Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 190/16, Автентично толкување на членот 9 став (6) од Законот за спортот, објавено во „Службен весник на РСМ“ бр.52/19, Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.98/19 и Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.244/19, Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.53/24, Законот за дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.74/24, Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 170/24 и Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 59/25), а согласно

барање УП бр.21-988/1 од 23.03.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 9.седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиска поддршка на**
**Фудбалски клуб Брегалница 1926 Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево одобруваат финансиски средства во износ од **30.000** денари на **Фудбалски клуб Брегалница 1926 Делчево.**

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за организација и одбележување на јубилејен настан-100 години од постоењето на ФК Брегалница и континуирано делување во македонскиот дудбал

Средствата ќе исплатени од Буџетот на општината за 2026 година на име **Фудбалски клуб Брегалница 1926 Делчево** на трансакциска сметка **300210000091836**, Комерцијална банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 –1460 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04. 2026 година** **Претседател,**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

15. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање за спонзорство од Меѓуопштинско здружение на цивилните инвалиди од војната Штип, Советот на Општина Делчево на својата 9.седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**по барање за спонзорство**

Член 1

*Се одобруваат финансиски средства во износ од 5.000 денари за спонзорство на* Меѓуопштинско здружение на цивилните инвалиди од војната Штип.

Член 2

Средствата ќе  бидат наменети за реализација на дел од активностите предвидени во Програмата на здружението која е доставена во прилог на Барањето.

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2026 година, на жиро- сметка 320100005010827, Централна Кооперативна банка, Даночен број 4029997113653, МОЗЦИВ Штип, ул. „Сутјеска", бр.43, Штип.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1461 /1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04.2026 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Николчо Стојменовски,с.р.**

**16.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 22-а од Законот за спортот („Сл. Весник на Р.М. бр. 29/2002………190/2016, Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 106/16 , Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ" бр. 190/16, Автентично толкување на членот 9 став (6) од Законот за спортот, објавено во „Службен весник на РСМ" бр.52/19, Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.98/19 и Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.244/19, Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.53/24, Законот за дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ" бр.74/24, Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ" бр. 170/24 и Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ" бр. 59/25), а согласно барање УП бр.21-587/1 од 16.02.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата  9.седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## За одобрување на финансиска поддршка

Член 1

Се одобруваат финансиска поддршка во износ од 6.000 денари на Павле Богдановски од Делчево.

Средствата се одобруваат за поддршка на неговото учество на Европско првенство во бодибилдинг  и фитнеское ќе се одржи во Шпанија, од 29 април до 4 мај.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2020 година на име Павле Богдановски, на сметка 3000 571 183 66713- Комерцијална банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1462 /**1 — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04.2026 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Николчо Стојменовски,с.р.**

**17.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 22-а од Законот за спортот („Сл. Весник на Р.М. бр. 29/2002………190/2016, Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 106/16 , Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 190/16, Автентично толкување на членот 9 став (6) од Законот за спортот, објавено во „Службен весник на РСМ“ бр.52/19, Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.98/19 и Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.244/19, Законот за изменување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.53/24, Законот за дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.74/24, Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 170/24 и Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 59/25), а согласно барање УП бр.21-988/1 од 23.03.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 9.седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
**За одобрување на финансиска поддршка**

Член 1

Се одобрува финансиска поддршка во износ од **15.000** денари на Боксерски клуб Тигар МБМ од Делчево.

Средствата се одобруваат за организација и поддршка на спортски настан во

Делчево- Првата и Младинската лига во бокс.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2026 година на име Боксерски
клуб Тигар МБМ од Делчево, на транскциска сметка 2401600106605834, АД Стопанска банка.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1463 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04.2026 година** **Претседател,**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

**18.** Врз основа на член 4 став 3 и член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ'' бр.79/09 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.241/24), член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 22 став 1 точка 46 од Статутот на општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, 2/2019 и 1/21), Советот на Општина Делчево, на својата 9.седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица**

**Член 1**

Се прифаќа Предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка на Градоначалникот на Македонска Каменица, усвоен со Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка бр.08-947/1 од 08.04.2026 година, донесена од Советот на Општина Македонска Каменица за извршување на работи и работни задачи во надлежност на Одделението за инспекциски надзор – Овластен инспектор за заштита на животната средина од Општина Делчево за Општина Македонска Каменица.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку обликот на меѓуопштинска соработка утврден во член 9 став 2 од Законот за меѓуопштинска соработка, односно со склучување на Договор за вршење на определени работи од страна

на Општина  Делчево за потребите на Општина Македонска Каменица.

Договорот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Берово ќе се склучи согласно одредбите од член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09-1464/1** СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
**29.04.2026 година** Претседател
**Делчево** Николчо Стојменовски,с.р.

**19.**Врз основа на член 14 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24)  и член 12 став 1 и став 4 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а во врска со *Иницијативата* за збратимува заведена под наш арх.бр.08-1334/1 од 17.04.2026 година  склучена помеѓу Општина Делчево и Општина Новело, Советот на Општина Делчево на својата 9.седница, одржана на 29.04.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за збратимување помеѓу Општина Делчево, Република Северна Македонија и општините Новело, Монфорте д' Алба и *Родино*, Република Италија**

Член 1

Општина Делчево, Република Северна Македонија се збратимува со општините Новело, Монфорте д' Алба и *Родино*, Провинција Кунео, Република Италија.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Делчево во име на Општина Делчево да го потпише актот за збратимување на Општина Делчево, Република Северна Македонија со општините Новело, Монфорте д' Алба и *Родино*, Провинција Кунео, Република Италија.

Член 3

Видот и начинот на соработката помеѓу збратимените општини од член 1 на оваа Одлука ќе се утврди со посебен документ.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09-1465/1** СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
**29.04.2026 година** Претседател
**Делчево** Николчо Стојменовски,с.р.

**20.** Врз основа на член 14 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 12 став 1 и став 4 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата 9.седница, одржана на 29.04.2026 година, донесе:

## О Д Л У К А
**за збратимување помеѓу Општина Делчево, Република Северна Македонија и Општина Рача, Република Србија**

Член 1

Општина Делчево, Република Северна Македонија се збратимува со Општина Рача, Република Србија.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Делчево во име на Општина Делчево да го потпише актот за збратимување на Општина Делчево, Република Северна Македонија со Општина Рача, Република Србија.

Член 3

Видот и начинот на соработката помеѓу збратимените општини од член 1 на оваа Одлука ќе се утврди со посебен документ.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр. 09 – 1466/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04.2026 година** **Претседател**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

21. Врз основа на член 22 став 11 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" 5/2002) и член 15 став 11 од Статутот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на 9.Седница на Советот одржана на 29.04.2026 година ја донесе следната

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА
**Територијалната противпожарна единица Делчево за 2026 година**

### 1.Вовед

Територијалната противпожарна единица во Делчево функционира согласно со Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 81/07,

55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) и претставува клучен сегмент во системот за заштита и спасување на подрачјето на Општината.Во Законот се уредува формирањето, организирањето и дејствувањето на противпожарните единици, доброволните противпожарни здруженија, гаснењето на пожарите, какои условите за производство, ставање во употреба и одржување на уредите, опремата и средствата за гаснење пожари.

Пожарникарството е работа од стручен и хуманитарен карактер и од јавен интерес. Пожарникарството е дел од единствениот систем за заштита и спасување во Републиката. Со цел поттикнување на превентивните мерки за заштита од пожари, како редовна, традиционална манифестација се воведува „Месец за заштита од пожари“, која се одржува секоја година, во текот на месец мај. Заради негување на традициите на пожарникарството и одбележување на Денот на формирањето на првата противпожарна единица во нашата земја, 20 Мај е прогласен за Ден на пожарникарството во Република Македонија и традиционално се одбележува и во Делчево. Општина Делчево го цени трудот и рпфесионалноста на пожарникарите и по повод Денот на пожарникарите, Општина Делчево доделува награда за најдобар пожарникар кој во текот на минатата година покажал исклучителни резултати и залагања во службата.

Заради гаснење пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди, се формираат противпожарни единици. Согласно член 5 став 3 од Законот за пожрникарството, Општина Делчево формира Територијална противпожарна единица. Единицата покрива 585 км/2 опфатени околу 13385жители во градска и 18 селски населби.

Програмата претставува рамка по која ќе се движат активностите на ТППЕ за 2026 година, а со донесувањето на оваа Програма, Општина Делчево демонстрира системски и одговорен пристап кон јакнење на капацитетите на Територијалната противпожарна единица, подобрување на условите за работа на пожарникарите и зголемување на безбедноста на граѓаните.

## 2. Законска основа на Програмата

Годишната програма за работа на ТППЕ Делчево за 2026 е изработена врз основа на основните одредби на:

-Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија’ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 152/19);

-Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002)

-Статут на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.12/2006)

## 3. Анализа на состојбата

### 3.1. Број на вработени

Пожарникарството во Делчево испишува историја од 7– децениско функционирање.

Првото доброволно противпожарно друштво е формирано од делчевецот Илија Дамјанов Крстевски во 50-тите години, по што е формирана и првата единица на чело со командирот Никола Димитровски. И во овој долг период важи за единица која професионално постапува и ужива доверба од граѓаните.

Со децентрализацијата ТППЕ премина во надлежност на општините. Територијалната противпожарна единица во Делчево делува на територијата на Општина Делчево, но и по потреба во соседните општини. Вкупниот број вработени изнесува 17 пожарници, од кои:

- ☒ 9 пожарникари-спасители и возачи на специјално возило
- ☒ 5 пожарникари- водачи на група
- ☒ 1 пожарникари- командир на одделение
- ☒ 1 пожарникар- раководител на противпожарен сервис
- ☒ 1 пожарникар- Командир на ТППЕ

Работното време во **ТППЕ Делчево** е организирано во 24-часовно дежурство со смени од 12 часа. Професионалните пожарникари вработени во Територијалната противпожарна единица имаат статус на овластени службени лица во областа на безбедноста. Професионалните пожарникари се службени лица на кои поради работа на особено тешки и по здравјето штетни работни места согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, стажот на осигурување им се смета со зголемено траење, така што секои 12 месеци ефективна работа се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

### 3.2 Соработка со институции

**ТППЕ Делчево** има интензивна соработка со ЈП Национални шуми Делчево, ЈКП „Брегалница“ Делчево, ЕВН Македонија, Дирекција за заштита и спасување- Делчево, Центар за управување со кризи-Делчево, МВР ОВР Делчево и Граничната и Шумската полиција, со цел спречување пожари и спречување поголеми штетни последици по граѓаните и материјалните добра во Општината.Редовно се одржуваат контакти со противпожарните единици од соседните општини за поголема соработка на сите нивоа од противпожарната заштита.

Административно – техничките работи и книговодствените евиденции на противпожарната единица се преземаат и извршуваат од страна на општинската администрација, согласно со закон.

### 3.3 Техничка опрема

Единицата располага со:

- 1 автоцистерна ФАП 14 со носивост од 7.000 l вода,
- 1 теренско возило Лада Нива и 4 ПП возила(Форд, Сканија, Ивеко Магирус и ТАМ-80),
- Автоцистерната ФАП-13 е дадена на користење на ЈКП„Брегалница“, но и со можност ТППЕ да го користи во случај на поголеми пожари за дотур на вода.

-ТППЕ располага со 3 пумпи за испумпување вода во случај на поплави.

Техничкото опремување на единицата го врши Општина Делчево согласно со законските прописи и правилниците, а во рамките на своите можности.Истотака, средствата за

одржувањето на возилата и опремата паѓаат на товар на Општина Делчево.

### 3.4. Надлежности на ТППЕ Делчево

– Гаснење на пожари на подрачјето на општина Делчево;
– Отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар;
– Спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии;
– Укажување техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
– Извршување на други работи при несреќи и непогоди;
– Врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не смеат да го оневозможуваат или попречуваат извршувањето на функциите од претходните алинеи на овој став;
– Заедно со територијалните противпожарни единици на општините во РСМ утврдени со закон, дејствуваат како противпожарни единици на Република Северна Македонија заради оперативно делување при гаснењето големи пожари на целата територија на Република Северна Македонија;
– Давање помош кога тоа е побарано при гаснење пожари во други држави;
– Водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствена методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување и Општина Делчево за тоа;
– Периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица;
– Одржување на механиката;
– Давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи;
– Едукација на граѓаните за заштита од пожари, преку организација на предавања, преку медиуми и организирање на други активности.

Заради зголемување на ефикасноста во дејствувањето и одржување на работната дисциплина, командирот врши повеќе редовни контролни активности.

Командирот на ТППЕ врши редовни контроли во единицата, се грижи за работната дисциплина на вработените при извршувањето на работните задачи, ги организира смените за работа и се грижи за:

-Изготвување месечен, полугодишен и годишен извештај – евидентирање на интервенции и опис на интервенции
--собирање информации и податоцизанастанатипожари.
-водење евиденција за настанатит епожари, интервенции, експлозии и слично
-изготвување на службена информација кога е во прашање голема интервенција (голем пожар) и сл.
-редовно доставување извештаи и информации до градоначалникот и до Општина Делчево, ДЗС и ЦУК.

3.5. Интервенции

| Година | Вкупно интервенции | Пожар на објект | Пожар на отворен простор | Технички интервенции | Пожар на патничко моторно возило |
|---|---|---|---|---|---|
| 2023 | 44 | 8 | 31 | 2 | 3 |
| 2024 | 61 | 14 | 42 | 5 | 0 |
| 2025 | 59 | 22 | 32 | 5 | 0 |

Во летниот период за време на суша, ТППЕ Делчево ги става на располагање своите возила( кога се во можност) за снабдување со вода за техничка употреба (но и за пиење) на жителите кои живеат во селата коишто се наоѓаат на поголема надморска височина во Општината. Исто така, ТППЕ прва реагира и при справување со последици при елементарни непогоди.

## 4. Цели на Програмата

Основна цел на Програмата е унапредување на противпожарната заштита, зголемување на подготвеноста и ефективноста на интервенциите, како и превенција од пожари и други несреќи.

**Специфични цели се:**

1.Навремена и ефикасна интервенција при пожари и технички интервенции
2.Зголемување на безбедноста на граѓаните и имотот
3.Подобрување на техничката опременост
4.Континуирана обука и стручно усовршување на вработените
5. Јакнење на превентивните активности

## 5. Планирани активности

### 5.1 Интервентни активности

-гаснење пожари (станебни, индустриски, шумски пожари)
-технички интервенции (сообраќајни несреќи, спасување од височини, поплави)
-интервенции при елементарни непогоди

### 5.2 Превентивни активности

- јакнење на меѓуинституционалната соработка со:

-Општина Делчево
-Јавните претпријатија во Делчево
-Дирекција за заштита и спасување
-Центар за управување со кризи
-Министерство за внатрешни работи
-Образовни институции

-ЈП Национални шуми-ПЕ „Голак“,
-ТППЕ од други општини
-доброволни противпожарни друштва.

- Едукативни предавања за ученици и граѓани
- Активности по повод Месецот на заштита од пожари
- Подобрување на просторните услови на ТППЕ Делчево за престој на пожарникари и за опрема
- Соработка со претпријатието што врши дистрибуција на електрична енергија со цел вработените во претпријатието да бидат запознаени со активностите кои треба да ги преземат кога по барање на раководителот на акцијата за гасење на пожарот треба да ги исклучат објектите од електрично напојување.
- Ќе се извршат посети на претпријатијата во општината во кои ќе бидат разгледани некои прашања од аспект на ПП заштита.
- Состаноци и соработка со командирите на ТПП-Единиците од источниот регион, во функција на зеднички настап на интервенциите за гасење на пожари.
- Состаноци и соработка со мрежата на ЗЕЛС формирана од командирите на ТППЕ од Македонија а со цел подобрување на работата и ефикасноста на ТПП-Единиците.
- Превентивни и предупредувачки мерки до населението како во пролетниот период треба да изврши уништување на исчистениот и отстранет матријал од бавчите,градините и сл. без опасност од настанување на пожар по самото место и пошироката околина.
- Превентивни и предупредувачки мерки до претседателите на куќните совети на станбените објекти што треба преземат за да се заштитат истите од пожари, а тоа се; степеништата и ходниците да бидат слободни за непречено интервенирање, да се одстранат сите дефекти на електроинсталацијата на влезовите, степеништата и подрумските простории, да ги оспособат хидрантските мрежи со ПП-потисни црева и млазници под притисок за брза и ефикасна интервенција, просторот околу зградите да биде слободен за непречен пристап на ПП возилата, должноста на станарот да се грижи за исправноста на електричната инсталација и рационално користење на електричните апарати и уреди, плинските боци строго да се чуваат на терасите поврзани со цевовод на апаратите и уредите, димоводните канали(оџаците) пред, за време на грејната и после завршувањето на грејната сезона редовно да се чистат , а чистењето да го врши стручно лице (оџачар) со оџачарски прибор (челична четка и кугла) а во никој случај со палење.
- Во тековната 2026 год. во зависност од условите ќе продолжи соработката со Англиската прорнвпожарна меѓународна организација ‘’FLORIAN’’и ТППЕ-Делчево
- За определен квартален период за работењето на единицата ќе се изготвува соодветен извештај, а за сите настани кои произлегуваат од работењето на единицата ќе се одржуваат сосотаноци со вработените на кои ќе се разгледуваат сите тековни прашања и постигнати резултати и ќе се преземат соодветни мерки за поуспешно понатамошно работење на единицата.
- Традиционално одбележување на 20-Мај Денот на пожарниците во Р.Македонија, и избирање и наградување на најдобар пожарникар за годината

- Изградба на нова гаража за возилата на ТППЕ- Проект обезбедување соодветни услови за сместување, заштита и редовно одржување на противпожарните возила и опрема.
- Доуредување на дворот на ТППЕ Делчево со цел подобрување на условите за маневрирање на возилата и секојдневно функционирање на ТППЕ.
-
- Поставување заштитна ограда на скалите и терасата кај просториите на ТППЕ Делчево
- Обезбедување на нови заштитни униформи за шумски пожари
- Обезбедување на теренско возило
- Обезбедување на униформи за дежурство и дргуга опрема

5.3 Обука и вежби

- редовни-тактичко показни вежби-

А)Заради поуспешно извршување на поставените работни задачи во текот на 2026 предвидени се повеќе вежбовни активности на ТППЕ Делчево. Во текот на 2026 ќе бидат организирани 6 поголеми вежби со учество на целата единица и 12 помали вежби кои ќе бидат спроведувани во кругот на ТППЕ Делчево;
Б)Заради подобрување на моторните способности редовно се извршуваат тренинг возења и користење на опремата која ја поседува единицата. За исправноста на опремата која ја поседува ТППЕ Делчево се врши редовна контрола од страна на овластени лица од Дирекција за заштита и спасување, за што се изготвува записник;
В)-заеднички вежби со други служби (полиција, итна медицинска помош, Црвен крст, Дирекција за заштита и спасување

- Учество на семинари и обуки

5.4 Техничка опременост

-Редовно сервисирање на противпожарните возила и опрема-
- Редовни контроли и проверка на возилата од секоја смена на пожарниците
-Набавка на нова заштитна опрем.

6. Табеларен приказ на активности

1. Интервентнни активности

| Активност | Цел | Индикатори | Одговорни лица | Рок на реализација |
|---|---|---|---|---|
| гаснење пожари (станбени, индустриски, шумски пожари) | Основна дејност на ТППЕ е гаснење пожари на отворен простор, во стабени зони и индустриски објекти | Бр на интервенции на отворени/шумски пожари Бр на интервенции на станебни и др објект | ТППЕ Делчево, ЈП Национални шуми, просторни сили | интервентно 2026 |
| -технички интервенции (сообраќајни несреќи, | Основна дејност на ТППЕ е и вршење технички интервенции при | Бр на технички интервенции Бр на вклучени пожарникари, | ТППЕ, ДЗС, ЦУК, | интервентно 2026 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| спасување од височини, поплави) | сообраќајни незгоди, расни несреќи, спасување на лица од височини | опрема и возила | | |
| интервенции при елементарни непогоди | ТППЕ дејствува и при елементарни непогоди; поплави, земјотреси и сл | Бр на интервенции Бр на вклучени пожарникари, опрема и возила | ТППЕ, ДЗС ЦУК, Општина Делчево | Тековно 2026 |

## 7. Финансирање

Програмата ќе се реализира со средства од Владата на РСМ, од Буџетот на Општина Делчево, од донации и други извори на финансирање.Согласно со Законот за пожарникарство е предвидено дека средствата за финансирање на противпожарната единица и организацијата за гаснењето пожари се обезбедуваат од:

- Буџетот на Република Македонија;
- буџетот на општината;
- 12% од наплатените премии за осигурување на имот од пожар;
- 2% од наплатените премии за осигурување на моторните возила (Каско) и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила;
- средствата од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии;
- доброволни прилози и други средства од осигурителните друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари и
- приходи од сопствени извори за извршени услуги согласно со членот 5 став (2) од Законот.

## 8. РИЗИЦИ

Ризик е кој било настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на постигнување на стратешките цели на Програмата. Пропуштените можности се, исто така, еден вид ризик. Постојат многу различни дефиниции за ризикот, но она што е заедничко за сите нив е: „неизвесноста и можните загуби во услови на неизвесност.“

**Настани кои доведуваат до појава на ризици во реализацијата на Програмата за работа на ТППЕ Делчево за 2026 г,. се:**

**А) надворешни влијанија**

- елементарни непогоди (пожари/поплави, земјотреси)
-оштетувања на опремата
-здравствена или др. вид криза
-повреди/несреќи

**Б) Внатрешни влијанија**

**-**Финансиски /буџетски намалувања на средствата
-недоволен број пожарникари
-стара опрема

## XI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата за работа на ТППЕ Делчево за 2026 г на Општина Делчево влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр.09-1467/1 Совет на Општина Делчево
29.04.2026 Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

22.Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.2/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2029 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 9.седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на**
**Оперативен план за делување на ТППЕ Делчево**
**во периодот од 01.01.2026 до 31.12.2026 година**

**1**. Се усвојува Оперативниот план за делување на ТППЕ Делчево во периодот од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1468/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04.2026 година Претседател,**
**Делчево Николчо Стојменовски,.с.р.**

**23.**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање бр.09-1422/1 од 27.04.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 9. седница, одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош на Ванчо Георгиевски**

Член 1

Се одобрува парична помош во износ од **20.000** денари на Ванчо Георгиевски од с. Очипала.

Средствата ќе бидат наменети за набавка на апарат за овозможување на полесно дишење (респиратор) на неговата сопруга.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Делчево на име Ванчо Георгиевски на сметка 200003826027931, Стопанска банка АД Скопје.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09- 1469 /1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.04. 2026 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Николчо Стојменовски ,с.р.**